# Хроника од 22-та седница

**Скопје, 18.12.2014** – Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на денешната седница донесе одлука за заштитен знак (лого) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кое ќе се користи како официјален заштитен знак на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење стручен надзор и начинот на нејзиното издавање и одземање, со вграден заштитен знак (лого) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата го усвои Нацрт-Правилник за обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Советот на Агенцијата донесе одлука за формирање работна група, која ќе изработи Нацрт-Стратегија за управување со ризик во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.